Правилник за постапката за барање на суперанализа (*)

Службен В. на Р.М. бр: 116/2011 од 31.08.2011

Влегува во сила на: 01.09.2011

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 35 став 5 од Законот за ѓубриња ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе.

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОСТАПКАТА ЗА БАРАЊЕ НА СУПЕРАНАЛИЗА ()

## Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за барање на суперанализа.

## Член 2

Ако една од странките не се согласува со добиените резултатите од испитувањата од овластената лабораторија, може во предвидениот рок од член 35 од Законот за ѓубриња да поднесе барање за суперанализа.

## Член 3

Постапката за суперанализа се спроведува по поднесеното барање од правно или физичко лице регистрирани за производство, увоз и трговија со ѓубриња до Фитосанитарна управа.
Кон барањето од став 1 од овој член се доставува следната документација:
- извештај од направените анализи на увозникот и производителот добиени од Фитосанитарната управа односно овластена лабораторија;
- записник од извршената контрола од Државниот земјоделски инспекторат и
- примерок што бил обележен од инспекторот на Државниот инспекторат за земјоделство при земање на примерокот.

Примерокот доставен од подносителот на барањето со писмен акт се доставува до овластена лабораторија за суперанализа во кои треба да бидат назначени сите параметри за испитување од страна на лабораторијата.
Овластената лабораторија врз основа на извршените анализи на примероците подготвува и доставува извештај до Фитосанитарната управа.

## Член 4

Доколку со повторно барање за суперанализа се спроведе суперанализа, а резултатот од истата се исти како од претходната анализа, трошоците за повторна суперанализа се на товар на барателот.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".
Бр. 17-319/5 Министер за земјоделство, јули 2011 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.

*****
Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Европскиот парламент и Совет бр.2003 /2003 од 13 октомври 2003 година која се однесува на вештачките ѓубриња со CELEX бр. 32003R2003.
*****